**Датум:** 11/04/2018

## ПОВИК ЗА ТРЕНЕР ЗАФАСИЛИТИРАЊЕ НА РАБОТИЛНИЦИ ЗА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗАМ

Почитувани,

Здружение ЦИВИС – Куманово во партнерство со ТВ ПЛУС Куманово го реализираат проектот: „Повеќе култури – повеќе вредности". Проектот е финансиран во рамките на проектот"Различноста е во мода – Промоција на мултикултурализам на локално ниво",кој е спроведуван од Асоцијација за демократски иницијативи (АДИ) во партнерство со мултиетничко здружение „Флоренс Најтингел"и "Стопанска комора на Северо-Западна Македонија (СКСЗМ). Проектот е финансиран од Европска Унија.

За потребите на проектот е отворен повик за тренер зафасилитирање на работилници за мултикултурализам.

Опис на активноста:

Вклучување на младите во промоција на културните и историските вредности преку III креативни работилници "Куманово - палета на различни култури".

Целта на овие работилници е младите на креативен начин да се запознаат и преку меѓусебно дружење, да ги надминат предрасудите и стереотипите кои потсвесно ги имаат кон другите заедници. На овие работилници ќе бидат вклучени 60 ученици (Македонци, Албанци, Роми, Срби, Турци и др.) од основните и средните училишта од Куманово.

Тренерот кој ќе ги фасилитира работилниците треба да потикне тимска солидарност помеѓу младите, и да користат неформална методологија, со сесии базирани на работа во мали групи, симулации, улоги и дискусии.

### ЗАДАЧИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ТРЕНЕРОТ

- Да развие и подготвипрограма и работна методологија
- Да подготват план за сесија најдоцна 3 дена до работилницата во насока на позитивен пристап за мултикултурализам
- Да подготват финален извештај и да го достава до проектниот координатор најдоцна до 5 дена по завршувањето на работилницата
- Да имаат евалуација со проектниот координатор по завршување на работилницата

### ПОТРЕБНИ КВАЛИФИКАЦИИ:

- Да има завршено високо образование
- Да има искуство во: фасилитирање, обуки и работа со млади
- Да развие едукативен пристап базиран врз принципи и вредности на неформално образование
- На креативен начин да го пренесат знаењето на учесниците
- Да имаат знаење и искуство од темата на работилницата
- Способност јасно да ги изразат своите мисли и чувства
- Свесност за различноста на групата

- На конструктивен начин да решава несогласувања
- Да се креира простор каде учесниците ќе можат слободно да се изразуваат
- Да стимулираат активно учество и да ги мотивираат учесниците

Сите заинтересираните кандидати треба да ги достават следните документи: Прилог 1. Ваша биографија и Прилог 2. Пропратно писмо со краток опис за мотивот за пријавување наповикот на следната адреса: multiplecultures@gmail.com
или директно во канцелариите на ТВ Плус УЛ: Лековачка бр: 17 1300.
Краен рок за поднесување на документите е 17/04/(вторник) 2018год до 16:00час.

Со почит.

Анета Јордановска
Проект координатор
077 663 566

Здружение ЦИВИС Куманово